СТОПАНСКА БАНКА
а.д. Битола

*(доверливо)*
**СО 48. седница**
**26.5.2021 година**
**Точка на дневен ред бр.10**

# ОДЛУКА

## за именување член на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Битола, 2021 година**

Врз основа на член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Собранието на Банката на својата 48. седница, одржана на 26.5.2021 година, донесе

# ОДЛУКА

**Член 1**

За член на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола со мандат од 4 (четири) години се именува:

1. Кристина Камчева-Стојческа - **член**

**Член 2**

На именуваниот член на Надзорниот одбор ќе му се исплаќа месечен нето-износ од 50 000,00 денари како надомест за учество и работа на седниците, како и јавни давачки во согласност со закон.

**Член 3**

На членот на Надзорниот одбор кој живее надвор од седиштето на Банката, односно надвор од Битола ќе му се исплатува и надомест во висина на трошоци за патување и сместување, по претходно приложени фактура или друга соодветна документација.

**Член 4**

Пријавата за упис на именуваниот член на Надзорниот одбор во трговскиот регистар ја поднесува Секторот за правни работи и управување на Кабинет на Управен одбор.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивање претходна согласност од гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

СО бр.02-8767/1/II-10
Битола, 26.5.2021 година

Стопанска банка а.д Битола
Собрание на акционери

Претседавач

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА 1

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во согласност со член 67 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола (пречистен текст) СО бр. 02-19821/1/II-2 од 11.11.2020 година, Надзорниот одбор на Банката се состои од 7 (седум) члена, од кои два члена се независни.

Сегашниот состав на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола е сочинет од 6 (шест) члена, и тоа: Миле Зечевиќ, Александра Радевска, Стевчо Јолакоски, Иванчо Велјановски, Игор Камбовски и Гордана Темелковска - Костовска. За независни членови на Надзорниот одбор се именувани Миле Зечевиќ и Игор Камбовски.

Со цел персонално дооформување на Надзорниот одбор согласно Статутот потребно е Собранието да пристапи кон избор и именување на член на Надзорниот одбор.

Имајќи го во предвид сето погоренаведено се предлага Собранието на акционери да ја донесе предметната Одлука.